АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.1007/2023
14.09.2023 година
Ш Т И П

Судскиот администратор на Апелационен суд Штип Александар Парчеклиев, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22)) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, за работно место и звање Судски советник - 7 (седум) извршители, по доставениот Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.950/2023-4 од 13.09.2023 година, на ден 14.09.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За работно место и звање Судски советник, категорија В, ниво В1, 7 (седум) извршители, се избираат кандидатите:

1. Славица Јованова, со освоени 29,83 бода

2. Елена Тасева, со освоени 29,52 бода

3.Ефимија Кралева, со освоени 28,85 бода

4. Стојанче Николов, со освоени 28,85 бода

5.Елисавета Поп Картова, со освоени 28,18 бода

6.Екатерина Спасова, со освоени 27,18 бода

7.Софка Методиева, со освоени 27,02 бода

За избраните кандидати по конечноста на одлуката ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Апелациониот суд во Штип на веб страната на судот и на огласна табла на судот, на ден 01.09.2023 год. објавен е Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, за работно место и звање Судски советник, категорија В, ниво В1, 7 (седум) извршители, а врз основа на добиена согласност од Министерство за финансии бр.18-4039/2 од 10.03.2023 година и бр.18-4039/6 од 25.05.2023 година. .

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас доставена е Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.950/2023-4 од 13.09.2023 год.

Со Предлог-одлука за избор  на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување ги предложи следните седум кандидати според конечната ранг листа и тоа :  Вишиот судски соработник. Славица Јованова, со освоени 29,83 бода, Помладиот судски соработник Елена Тасева, со освоени 29,52 бода, Помладиот судски соработник Ефимија Кралева, со освоени 28,85 бода, Судскиот соработник Стојанче Николов, со освоени 28,85 бода, Помладиот судски соработник Елисавета Поп Картова, со освоени 28,18 бода, Судскиот соработник Екатерина Спасова, со освоени 27,18 бода и Вишиот судски соработник Софка Методиева, со освоени 27,02 бода, како  најдобро рангирани 7 кандидати на ранг листата во сите фази на селекција за унапредување за работното место и звање Судски советник, категорија со ниво В1.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување Су.бр.950/2023-4 од 13.09.2023 година, за работното место судски советник, категорија со ниво В1 ги избра горе наведените кандидати.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Александар Парчеклиев с.р.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена до Советот на судска служба.